**Лична карта на училиштето**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Општинско Основно Училиште „Страшо Пинџур“ |
| **адреса, општина, место** | ул. „Лука Геров“ бр.21, Општина „Ѓорче Петров“, Скопје |
| **телефон** | 075 499 689 |
| **е-пошта** | ou.strasopindzur@yahoo.com |
| **основано од** | Општина Ѓорче Петров |
| **Верификација- број на актот** | бр. 11-587/21 |
| **Година на верификација** | 31.01.1986 год |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски наставен јазик |
| **Година на изградба** | 1980 |
| **Тип на градба** | Цврста градба |
| **Површина на објектот** | 2964$m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 8087$m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1297$m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со парно |
| **Број на одделенија** | 9 (девет) |
| **Број на паралелки** | 28 |
| **Број на смени** | Две смени |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | / |
| **Датум на добиен статус** | / |

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 11292 $м^2$ |
| **Нето површина** | 2964 $м^2$ |
| **Број на спортски терени** | 3 |
| **Број на катови** | П + 1 |
| **Број на училници** | 18 |
| **Број на помошни простории** | 6 |
| **Училишна библиотека/медијатека** | 1 |
| **Ресурсна соба** | 1 |
| **Ученичка канцеларија** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со нафта |

ООУ „Страшо Пинџур” е лоцирано во населбата „Даме Груев“, односно во општината „Ѓорче Петров“ во Скопје. Училиштето ги опфаќа учениците кои подлежат на задолжително основно образование, а кои живеат на територијата помеѓу населбите „Ѓорче Петров“ и с. Ново Село. Нашето училиште е мултиетничко училиште. Истото функционира како самостојно деветгодишно основно училиште. Наставата се одвива во училишна зграда од 2964 $m^2$, во 18 добро опремени училници за активна настава и една фискултурна сала. Во училиштето има библиотека, 4 помошни простории за нагледни средства со материјали за работа, наставничка канцеларија, канцеларија за директор, канцеларија за секретар, канцеларија за педагог, ресурсна соба и канцеларија за специјален едукатор, канцеларија за психолог, просторија за фотокопирање и ученичка канцеларија.

За нашиот персонал

**Вработени**

| Одд. | вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **58** | **9** | **49** | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | **45** | **7** | **38** | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | **4** | **/** | **4** | | | | | | | | |
| **Административни работници** | **1** | **/** | **1** | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | **7** | **1** | **6** | | | | | | | | |
| **Директор** | **1** | **1** | **/** | | | | | | | | |

**За нашиот патрон**

Страшо Пинџур е роден на 3 март 1915 година во селото Ваташа. По смртта на неговиот татко на почетокот на Првата светска војна, во битката кај Криволак, неговата мајка се преселила во Неготино, па затоа за него се грижела неговата баба. Основно училиште завршил во селото Ваташа, а нижа гимназија во Кавадарци. По завршувањето на нижата гимназија, како сирак тој станал државен кадет во Крагуевац, каде што му пристапил на работничкото и комунистичкото

движење. Додека бил во Крагуевац учествувал во многу акции на работниците и младината, а потоа заминал за Белград каде студирал на Правниот факултет.

Страхил (Страшо) Пинџур е македонски национален и комунистички деец, првоборец и народен херој.

Во 1934 година станал член на КПЈ, а во 1936 година како напреден студент бил член на Акциониот одбор на студентите на Белградскиот универзитет и на Покраинскиот одбор на македонските студенти. Тој е еден од основачите и секретар на студентското Културно-просветно друштво „Вардар“ во Белград, како и еден од основачите на МАНАПО и на Студентската колонија во Охрид, а поради сето тоа бил прогонуван и апсен.

Додека студирал станал близок пријател на Иво Лила Рибар, еден од организаторите на младинското и студентско револуционерно движење во предвоена Југославија.  Во текот на 1938 година Страшо Пинџур се обидел да замине за да се бори во Интернационалните бригади во Шпанија. Но, дошол до Прага и откако не успеал да фати врска се вратил во Белград.

По завршувањето на Правниот факулте, тој ја зголемил својата револуционерна дејност. Поради неговите активности бил прогонуван и апсен, Се вратил во Македонија и учествувал во обновата на работата на Куминистичката партија во Тиквешијата.

По Априлската војна (1941), како член на Пленумот на ПК на КП во Македонија, дошол во судир со ставовите на Методија Шаторов - Шарло.

Страшо Пинџур од септември 1941 година бил член на Покраинскиот воен штаб, кој во јуни 1942 година прераснува во Главен штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (ГШ на НОВ И ПОМ). Од јануари 1942 година бил член и на новоформираниот Покраински комитет на КПЈ за Македонија.

Во отсуство бил осуден, а на 18 декември 1942 година бил уапсен од бугарската полиција во Велес. По подолго мачење Страшо Пинџур бил убиен на 4 јануари 1943 година во Скопскиот затвор, заедно со народниот херој Мирче Ацев.

Страшо Пинџур и Мирче Ацев биле прогласени за народни херои на Југославија на 29 јули 1945 година.